

## КУФЕРИ

Ме хранат со мал број дребулии:
фотоапарат, гуми за џвакање
мастило и нотес
Црвен качкет
и црвени балетанки
џеб полн со спомени
слика од паркот
сувенир од *Рибарскиот Бастион*
и црквата на *Матија Коровин*.
Книга – водич
тесни фармерки и палто
од црвен кашмир

Ме хранат со желби:
поминати километри
нови улици
излижани тркалца
и нов слој
меморија
од
прав

Јас сум кутија од тајни!
Тркалај ме
и збогатија
душава
со спомени!

# ЖЕНСКИ МИТОВИ

Претвори ме во митски наратив
Седни и раскажи ми за жените

Жителке на пра-историјата!
Исконска си:
Оган и Вода
Семе на светот и Капка на ветрот
Magna...
Црна магла...

Знаеш да:
раѓаш
одгледуваш растенија и деца
да готвиш и чистиш
да переш и пеглаш...

Ме претворија во сказни
за:
Правливата, Заспаната и Смотаната...

Чекањето е мојот живот:
Плакар полн со облека
Розеви потпетици со гума